# КОН ПРИЈАТЕЛОТ

Одпатувај ако ти е мака,
ако чекаш - одпатувај пак...
Возот-патник во ноќната мрака
до небето расфрлува траг.

Светла нитка... како галеб летнат,
како шепот и сонлив и тих.
Пријателе, таква нитка светна
утринава и во твојот стих.

Пријателе, пријателе далек!
Пијан одам од копнеж и жед.
Зар е важно далека плиска залез
или зора по образот блед?

Знам јас добро зошто ноќе трагаш
и што бараш и зошто си сам,
и за твојта неизмерна тага
пријателе, пријателе, знам.

Светот - свет е, а ти - крв и рана,
кој го слути твојот жеден плам,
кој ја слути душата-фонтана
кога ноќе со неа си сам?!

Одпатувај ако ти е мака,
ако чекаш - одпатувај пак.
Возот-патник, пријателе самен,
нов и светол ќе расфрла траг!